**СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

**за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите**

Скопје, мај 2025 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 470/31.05.2024 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 30.05.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите**

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје одобрува пренамена на неискористената задржана добивка за инвестирање во износ од денари 722.718.448,00 распределена со Одлука за распределба на добивката за 2023 година на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 476 од 31.05.2024 година) во задржана добивка расположива за распределба на акционерите.

2. Добивката утврдена во точка 1 од оваа Одлука не се искористи за целта утврдена во член 2, втора алинеа од Одлуката за распределба на добивката за 2023 година на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 476 од 31.05.2024 година) поради што Собранието на акционери ја пренаменува истата во задржана добивка расположива за распределба во иднина.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.______
30.05.2025 година

Скопје

**АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ**

**Претседавач,**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Стопанска банка АД - Скопје (СБ), со Одлука број С.О. 476 од 31.05.2024 година, изврши распределба на добивката за 2023 година, во износ од денари 3.469.600.437,00 во:

- Задржана добивка за идна распределба на акционерите во износ од денари 2.569.600.437,00 и
- Задржана добивка за инвестиции во износ од денари 900.000.000,00.

Од задржаната добивка за инвестиции во износ од денари 900.000.000,00 од втората алинеа, Банката искористи износ од денари 177.281.552,00 за развојни цели и инвестирање во материјални и нематеријални средства за проширување на основната дејност на Банката, додека износот од денари 722.718.448,00 не беше искористен за инвестирање во 2024 година, и со оваа Одлука, Собранието на акционери врши пренамена од задржана добивка за инвестирање во задржана добивка расположива за распределба во иднина, врз основа на одлука од страна на Собранието на акционери. Овој износ на добивката нема да биде вклучен во сопствените средства на Банката и во пресметката на адекватноста на капиталот, и Банката соодветно ќе ја евидентира оваа Одлука во својата книговодствена евиденција.

Поради гореспоменатото, се предлага на Собранието на акционери на СБ да ја донесе Одлуката во прилог, како што е предложено.

Скопје, мај 2025 година